# ЗАКОН ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС

## Редакциски пречистен текст [1]

### Член 1

Со овој закон се регулира трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа (договор), кои извршуваат работа во органите на државната власт, установите од областа на културата, образованието, здравството, детската и социјалната заштита основани од Република Северна Македонија и единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, заводите, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: институции), како и ограничување на периодот и бројот на лица кои може да се ангажираат со договор.

### Член 2

(1) Трансформирањето во работен однос на неопределено работно време ќе се искористи исклучиво за лицата од членот 1 од овој закон, кои извршуваат работи врз основа на договор во период од најмалку 3 месеци сметано до 30.11.2014 година, а кои исто така имаат важечки договори и во моментот на трансформирањето на работниот однос.

(2) Лицата кои ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член можат да имаат прекин на договорите во периодот по 30.11.2014 година, но не подолго од еден месец.

(3) По исклучок на одредбите од ставот (1) од овој член, трансформирање во работен однос на неопределено работно време ќе се применува и за лицата кои имале прекин на договорот со кој биле ангажирани за извршување на работа поради бременост и/или раѓање, а кои имаат важечки договори во моментот на трансформирање на работниоодност.

(4) На лицата од ставот (3) од овој член ќе им се трансформира работниот однос доколку имале договори за ангажирање во институцијата за три последователни месеци што непосредно претходат на прекинот поради бременост и/или раѓање, а по завршување на прекинот повторно се ангажирани во институцијата со договор и го исполнуваат условот од став (2) на овој член .

(5) По исклучок на одредбите од ставот (1) од овој член, трансформирање во работен однос на неопределено работно време ќе се применува и за лицата кои имаат прекин на договорот со кој биле ангажирани за извршување на работа поради бременост и/или раѓање во моментот на трансформирање на работниот однос, а кои имале договори за ангажирање во институцијата за три последователни месеци што непосредно претходат на прекинот поради бременост и/или раѓање.

[1]Редакциски пречистениот текст на Законот за трансформација во редовен работен однос ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.20/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација во редовен работен однос објавен во "Службен весник на РМ" бр.44/15 и Законот за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос објавен во "Службен весник на РСМ" бр.3/25, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 3**

(1) Институциите должни се да склучат договори за засновање на работен однос на неопределено време, односно да донесат решенија за вработување со лицата ангажирани со договор во рок од 90 дена од стапување на сила на овој закон.

(2) Договорите за вработување, односно решенијата за вработување од став 1 од овој член се донесуваат на следниот начин:

1) договорите, односно решенијата за вработување за најмногу 35% од вкупно ангажираните лица стапуваат на сила со нивното потпишувањето, односно со донесувањето,

2) договорите, односно решенијата за вработување за најмногу 35% од вкупно ангажираните лица, стапуваат на сила од 01.12.2015 година,

3) договорите, односно решенијата за вработување за преостанатиот број од вкупно ангажираните лица, стапуваат на сила од 01.09.2016 година.

(3) При засновањето на работниот однос на неопределено време со лицата ангажирани со договор, приоритет во однос на динамиката треба да имаат лицата кои се ангажирани во институцијата најдолг временски период.

(4) Институциите не смеат да го раскинат договорот со лицата определени во член 2 од овој закон во периодот до стапување на сила на решенијата од став 1 од овој член, освен ако лицата ги повредат обврските преземени со договорот согласно закон.

(5) Во случај на повреда на обврските преземени со договорот, договорите за работа, односно решенијата за работа се поништуваат.

(6) По исклучок на одредбите од ставовите (1), (2) и (3) од овој член, институциите ќе склучат договори за засновање на работен однос на неопределено време, односно ќе донесат решенија за вработување со лицата од член 2 став (5), по престанок на причината поради која настанал прекинот.

**Член 4**

(1) Министерството за финансии издава согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 2 од овој закон (во понатамошниот текст: согласност), на барање на институциите.

(2) Кон барањето до Министерството за финансии, институциите задолжително доставуваат договорите со кои се ангажирани лицата и потврда за извршени исплати за последните три месеци сметано до 30.11.2014 година, како и за последователните месеци од овој датум до денот на донесувањето на решението за вработување, односно склучување на договорот за вработување.

(3) За лицата од членот 2 ставови (3) и (5) од овој закон, кон барањето до Министерството за финансии задолжително се доставува потврда издадена од стручна Комисија при Министерството за здравство за исполнетоста на условот и времетраењето на периодот на прекинот поради бременост и/или раѓање, издадена врз основа на веродостојна медицинска документација, договорите за ангажирање на лицата и потврди за извршени исплати.

(4) Условот и времетраењето на периодот за прекин поради бременост и/или раѓање Комисијата ги утврдува согласно со прописите кои ги уредуваат правата за отсуство од работа поради бременост и/или раѓање.

(5) Комисијата е составена од три члена и нивни заменици од кои два члена и нивни заменици се на предлог на Министерот за здравство и еден член и негов заменик на предлог на директорите на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

(6) Министерот за здравство ја формира Комисијата од ставот (3) на овој член, во рок од пет дена од влегувањето во сила на овој закон.

(7) За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

**Член 5**

(1) Постапката за пријавување на лицата со кои се склучени договори за работа, односно за кои се донесени решенија за вработување, во Агенција за вработување на Република Северна Македонија, покрај пропишаната документација опфаќа и приложување на согласноста од член 4 од овој закон.

(2) Лицата кои ќе го остварат правото од членот 3 од овој закон, во рок од шест месеци се должни да ги исполнат општите и посебните услови за вработување на соодветното работно место утврдени со закон и со актите за систематизација на институцијата.

**Член 6**

(1) Институциите не смеат да ангажираат лица со договор за волонтирање на период подолг од 6 месеци.

(2) Лицето кое било ангажирано со волонтерски договор шест месеци во институција, не може повторно да биде ангажирано со договор за волонтирање во наредните три години во истата или во друга институција.

(3) Институциите за секое ангажирано лице со договор за волонтирање се должни да го известат Министерството за економија и труд кое води регистар за лица ангажирани со договор за волонтирање.

(4) Содржината и формата на регистарот, како и начинот на водење на регистарот од став 3 на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.

**Член 7**

(1) Институциите ангажираат лица со договор за волонтирање по обезбедена согласност од Министерството за финансии.

(2) Кон барањето за согласност од Министерството за финансии, институциите задолжително доставуваат и потврда од регистарот на волонтери за времетраење на волонтерската работа издадена од страна на Министерство за економија и труд.

(3) За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

**Член 8**

(1) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело повеќе од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, односно повеќе од три лица во институциите во кои вкупниот број на вработени е помал од 300 лица.

(2) Институциите не смеат да ангажираат лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело за период подолг од 24 месеци.

**Член 9**

(1) По исклучок од членот 8 од овој закон , институциите може да ангажираат лица над утврдениот процент и со поголемо времетраење од предвиденото по претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

(2) Институциите при ангажирање на лица со договор на дело чиј надомест е поголем од две просечни нето плати во Република Северна Македонија, исплатени во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, задолжително треба да обезбедат согласност од Министерство за финансии.

**Член 10**

Ограничувањата од членовите 8 и 9 од овој закон не се однесуваат на:

- лицата ангажирани на проекти и проектни единици финансирани од странски извори- заеми и донации и

- стручни лица кои се ангажираат за потребите на: Биро за процена, повремени набљудувачи и стрелци во Управата за хидрометеоролошки работи, лица за непосредно прибирање на податоци во Државниот завод за статистика.

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лице со договор за волонтирање подолго од шест месеци или ќе ангажира лице со договор за волонтирање во периодот од три години после истекот на претходното волонтирање ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Склучените договори за волонтирање кои се резултат на дејствијата на овој член се ништовни.

**Член 12**

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе склучи договор за волонтирање без обезбедена согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Склучените договори за волонтирање кои се резултат на дејствијата од овој член се ништовни.

**Член 13**

(1) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело и/или

авторски договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа во процент поголем од 1% од вкупниот број на вработени на крајот од претходната година, а која нема согласност за тоа од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Лицето кое раководи со институцијата која има помалку од 300 вработени, а која ќе ангажира повеќе од 3 лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа врз основа на договор на дело и/или авторски договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа, а која нема согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(3) Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица за извршување на физичка и/или интелектуална работа, врз основа на договор на дело и/или авторски договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа во времетраење подолго од 24 месеци, а која нема согласност од Министерството за финансии ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(4) Во пресметувањето на процентот, односно во утврдување на бројот на склучени договори не се сметаат договорите регулирани со членот 10 од овој закон.

(5) Склучените договори кои се резултат на дејствијата од овој член се ништовни.

**Член 14**

Лицето кое раководи со институцијата која ќе ангажира лица со договор на дело и/или авторски договор со кој лицето е ангажирано за извршување на работа, а чиј надомест е поголем од две просечни нето плати во Република Северна Македонија, исплатени во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, а кое не обезбедило согласност од Министерство за финансии, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Лицата од членот 2 од овој закон кои склучиле договор за вработување, односно за кои е донесено решение за вработување, продолжуваат со ангажманот во институцијата до стапување во сила на договорот, односно решението за вработување и за нив не се однесуваат ограничувањата предвидени со овој закон.

Институциите кои за трансформирањето во работен однос на неопределено работно време на лицата од членот 1 на овој закон треба да ги усогласат актите за систематизација на работните места, истите ќе треба да ги донесат најдоцна во рок од 14 работни дена од денот на влегување во сила на овој закон, според прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Доколку за лицата од членот 2 ставови (3) и (5) е потребна измена на актите за систематизација на работните места, институциите ќе ги усогласат актите за систематизација под истите услови утврдени со овој член, во рок од 15 работни дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 16**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за трансформација во редовен работен однос***
***(Службен весник на РМ"бр 44/15)***

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување на***
***Законот за трансформација во редовен работен однос***
***(Службен весник на РСМ"бр 3/25)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".